РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 1409-411/4
24.09. 2020 год. viti
Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 5 седница одржана на 29.07.2020 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиската програма „Компјутерски науки" од трет циклус докторски студии на Факултет за современи општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово**

1. Се акредитира студиската програма „Компјутерски науки", од трет циклус докторски студии на Факултет за современи општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2020/2021 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор по компјутерски науки /во меѓународен промет академски назив Doctor of compouters science.

4. Научно - истражувачко подрачје: Техничко - технолошки науки, Природно - математички науки
Научно – истражувачко поле: 507 Компјутерски техника и информатика, Информатика, Математика
Научно – истражувачка област: 21200 - Архитектура на сметачки системи, 21201 - Програмски јазиции технологии, 21202 - Информациони системи и мрежи, 21203 - Бази на податоци, 21204 - Обработка на информации, 21205 - Вештачка интелегенција и системи, 21206 - Процесирање на податоци, 21207 - Организација и методологија на проектирање на сметачки системи (харвердски системи, софтвер), 10907 - Математичка статистика и операциони истражувања, 10912 - Применета математика и математичко моделирање, 10913 - Програмирање, 11000 - Информатика, 11007 - Алгоритми, 11002 - Информациони системи и програмирањ, 11001 - Теорија на системи и контрола, 11009 - Симулација, 11010 - Развивање на софтвер и бази на податоци, 11011 - Друго.

5. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: проф. д-р Замир Дика, проф. д-р Лејла Абази Беџети, проф. д-р Арбана Кадриу, проф. д-р Мајлинда Абази, проф. д-р Халил Снопче, проф. д-р Менотр Хамити, проф. д-р Артан Лума, проф. д-р Бесник Селими, проф. д-р Бујар Рауфи, проф. д-р Адриан Бесими, проф. д-р Висар Шеху, проф. д-р Флорие Исмаили, проф. д-р Џемал Зенуни, проф. д-р Јаумин Ајдари.

6. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

7. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

По предходно донесената одлука бр. 08-3566/2 од 10.12.2019 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Компјутерски науки науки" од трет циклус (докторски) академски студии на Факултет за современи општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.1409-414/2 од 16.12.2019 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 3-та седницата одржана на 01.07.2020 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.1409-414/3 од 31.08.2020 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 5-та седница одржана на 29.07.2020 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование
Академик Владо Камбовски